# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

30 октомври 2017 | Излегува по потреба | Година XII | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНТЕРСЕКТОРСКА ГРУПА ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање интерсекторска група за родова рамноправност на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.10.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3344/1**
**од 30.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на 7 и 8 од Законот за еднакви можности на мажи и жени ("Службен весник на РМ" бр.6/2012) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеесет и петата седница одржана на 12.10.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНТЕРСЕКТОРСКА ГРУПА ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Со оваа одлука се формира интерсекторска група за родова рамноправност во Општина Гази Баба.

**Член 2**

За членови на интерсекторската група за родова рамноправност се именуваат:

1. Емилија Ѓурчиновска - Раководител на сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности и координатор на КЕМ;
2. Тодор Петров - Помошник раководител на сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности;
3. Насе Ралев – Раководител на сектор за правни и општи работи;
4. Светлана Јованоска - Раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште;
5. Зорица Илиевска - Раководител на сектор за внатрешна ревизија;
6. Марика Зафировска - Раководител на сектор за финансиски прашања;
7. Стојка Доликоска - Раководител на одделение за урбанистичко планирање;
8. Илија Богоев - Советник - просветен инспектор во одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината;
9. Весна Давидоска - Самостоен референт за административна евиденција во одделение за човечки ресурси;
10. Мариела Христова - Виш соработник за материјално–финансиско сметководство во одделение за сметководство и плаќање;
11. Ненад Ташев - Соработник за обезбедување на техничка и друга документација во одделение за координација на јавните набавки;
12. Васе Јаков - Советник за документирање на градежно земјиште и водење постапки по пат на јавно надавање во одделение за документирање на градежно земјиште.

**Член 2**

Интерсекторската група за родова рамноправност има за задача да ги разгледува предлог програмите што ги изготвуваат секторите и одделенијата и да даваат предлози за застапеност на родова рамноправност во истите.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 09-3178/2**
**од 12.10.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за формирање интерсекторска група за родова рамноправност на Општина Гази Баба ............ 4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/17**
**65 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци